Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ги поканува сите заинтересирани субјекти да учествуваат во тендерска постапка за набавка на истражувања. Предмет на набавката се истражувања на важни општествени теми кои ги засегаат граѓаните на Република Македонија.

Тендерската постапка се спроведува во рамките на проектот „Топ тема на ваша страна“, финансиран од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), а спроведуван од Телевизија Телма и Македонскиот центар за меѓународна соработка.

**Рокот за доставување на понудите е 11.11.2016 г. до 16:00 часот.**

Право на учество имаат сите заинтересирани понудувачи кои подигнале тендерска документација и кои ги исполнуваат условите наведени во тендерската документација. Заинтересираните понудувачи можат да подигнат тендерска документација лично во Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), на адреса: ул. Никола Парапунов 41А, Скопје, преку контакт на телефон 02 3088972, или преку електронска адреса fiv@mcms.mk. Лице за контакт е Фанија Ивановска.